ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
NDËRMARJA PUBLIKE
ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА
UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMI
Број, Numer 0401 - 6123/9
Дата, Data 12 -07- 2021
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 21 од Законот за работни односи, пречистен текст („Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 167/2015 и 27/2016 и 120/2018) и член 31 став 1 точка 9 од Статутот на ЈП Водовод и канализација – Скопје, по објавениот Јавен оглас бр.12/2021 од 06.07.2021 година за вработување на помошно-технички лица за работното место КДР0402А02005 Чувар на објект во Оддел за обезбедување во Одделение за обезбедување и ПП заштита во Сектор „Експлоатација и одржување на капацитети“ за 2 (два) извршители, директорот на претпријатието донесе

# **ОДЛУКА**

за избор на кандидат за склучување
Договор за вработување на неопределено време

**Член 1**

Од пријавените кандидати по Јавниот оглас бр.12/2021 објавен во дневните весници „Нова Македонија“, „Коха“ на ден 06.07.2021 година, за засновање на работен однос на 2 (два) извршители на работно место 1. КДР0402А02005 Чувар на објект во Оддел за обезбедување во Одделение за обезбедување и ПП заштита во Сектор „Експлоатација и одржување на капацитети“, се избираат кандидатите:

1. **Влатко Николоски**
2. **Суад Колашинац**

**Член 2**

Изборот меѓу пријавените кандидати е извршен во согласност со Правилникот за систематизација на работните места во ЈП Водовод и канализација – Скопје, и Записникот арх. Бр.0401-6123/7 од 12.07.2021 година од спроведената административна селекција од страна на Комисијата за селекција на кандидати, а врз основа на приложената документација со Обрасците за пријава на јавен оглас доставена од кандидатот од која е утврдено дека во целост ги исполнува бараните услови.

**Член 3**

Избраните кандидати ќе засноваат работен однос на ден 20.07.2021 година со потпишување на Договор за вработување помеѓу работникот и работодавачот.

**Член 4**

Одлуката за избор да се достави до кандидатите кои аплицирале на јавниот оглас и да се објави на интернет страницата и огласна табла на претпријатието.

**Член 5**

За спроведување на одлуката се задолжува Сектор Човечки ресурси.

О б р а з л о ж е н и е

Со одлука арх. Бр.0401-6123/1 од 05.07.2021 година донесена од директорот на ЈП Водовод и канализација Скопје, распишан е Јавен оглас бр.12/2021 за прием на 2 (два) извршители на работно место 1. КДР0402А02005 Чувар на објект во Оддел за обезбедување во Одделение за обезбедување и ПП заштита во Сектор „Експлоатација и одржување на капацитети" "

Јавниот оглас бр.12/2021 беше објавен на ден 06.07.2021 година во дневните весници Нова Македонија и Коха.

На јавниот оглас аплицираа вкупно 2 (два) кандидати.

Комисијата за селекција на кандидати по јавниот оглас бр.12/2021 за вработување помошно-технички лица на неопределено време на ден 12.07.2021 година изврши административна селекција на документите од кандидатите кој аплицирале при што констатира дека апликациите се уредни. За извршената административна селекција, комисијата изготви Записник со арх. Бр.0401-6123/7 од 12.07.2021 година.

Со балансерот кој е составен дел од Годишниот план за вработување за 2021 година на ЈП Водовод и канализација Скопје, за ова работно место предвидено е кандидатите да се припадност на заедницата: Македонец(ка)1, Србин(ка)1.

Со оглед дека на јавниот оглас аплицирале 2 (два) кандидати кој ги исполнуваат условите предвидени со јавниот оглас, се донесе одлука како во диспозитивот.

Правна поука:Против оваа Одлука Незадоволниот кандидат има право на жалба до Управен одбор на ЈП Водовод и канализација- Скопје, во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на одлуката.

ДОСТАВЕНО ДО
- Кандидатите
- Сектор човечки ресурси x 2
- Архива на директор
- Архива

ЈП Водовод и канализација -Скопје
Директор,
м-р Душко Весковски

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ • NDËRMARJA PUBLIKE
ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА • UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMI
СКОПЈЕ
SHKUP